# В О В Е Д

## I. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основната цел на националната економија е задоволување на потребите на општествената заедница. Непосредниот придонес на организациите во остварувањето на целта на општеството се гледа во создавањето производи и услуги што треба да ги задоволат зголемените потреби на потрошувачката по квалитет и квантитет.

Самоуправната организација не е исклучиво само производител на производи, туку организација на здружен труд, чија основна цел е да ги задоволи потребите на купувачите, односно стопанските субјекти се формираат да ги задоволат постојните и потенцијалните потреби на членовите на заедницата.

Квалитативната и квантитативната страна на побарувачката за релативно кратко време станува една од најактуелните теми во истражувањето на општествено - економскиот развој. На актуелноста во истражувањата на овој проблем влијаат повеќе фактори. Поголем дел од економската литература што се однесува на стопанскиот развој, по Втората светска војна поаѓа од претпоставката дека порастот на доходот по жител автоматски води кон пораст на сите елементи во структурата на личната потрошувачка.

Таквата логика посебно го погодила истражувањето на квантитативната страна на личната потрошувачка, така што ко-

ефициентите на еластичноста на потрошувачката се користени за предвидување на побарувачката, односно потрошувачката, а со тоа и предвидување на животниот стандард. Но, колку времето одминувало претпоставката дека порастот на доходот по жител, автоматски значи и адекватен социјален развој, односно да ја задоволува не само квантитативната и квалитативната страна на потрошувачка станува се помалку одржлива и во најново време отфрлена од голем број економисти. Со тоа, акцентот се повеќе се става на изучувањето на квалитативната страна,, како неопходна основа на една долгорочна развојна политика. Така, се повеќе се поставува прашањето на современата цивилизација, профилот на личноста, склоностите во потрошувачката, како и вредносната содржина на таа потрошувачка. Станува се поизразита потребата високиот развиток да бара јасни погледи, не само во производната сфера, но и во развитокот на човекот, односно личноста и неговата потрошувачка улога. Затоа, се повеќе растечката побарувачка на добра, како економска категорија која изразува еден определен општествено - економски однос, со сите свои противречности, е во центарот на вниманието на секоја национална економија како можност за да се донесат одлуки од стратешка и тактичка природа. Значењето, потребата и актуелноста на истражувањето на оваа материја произлегува и од тоа што побарувачката има доста значајна улога во современите услови на стопанисување.